ADING
состојка на секоја градба

# АДИНГПОКС АКВА

*Епокси-цементен премаз/малтер за репарација и површинска заштита на бетон;*
*Одговара на EN 1504-2, метода 1.3(C), 2.2(C), 8.2(C), 5.1(C)*
*и на EN 1504-3, метода 3.1 и 7.1*

ЗАШТИТНИ ПРЕМАЗИ

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Адингпокс Аква претставува трокомпонентен епокси-модифициран цементен малтер за репарација и површинска заштита на бетон и АБ конструкции.

Адингпокс Аква се употребува за:

- глетување и исполнување на нерамнини до 3mm на вертикални и хоризонтални бетонски површини, како и површини со неправилна форма (тунели, калоти);
- заштита на бетон во агресивни хемиски средини, заштита од карбонизација, соли и замрзнување;
- зголемување на физичко-механичката отпорност на бетонот;
- површинска заштита од продори, контрола на влага и зголемена физичка отпорност на бетон според EN 1504-2;
- репарација на бетон според EN 1504-3;
- како активен премаз за антикорозивна заштита на арматурата;
- како предпремаз (прајмер) за полимер-цементни репаратурни малтери;

## СВОЈСТВА

- Заштита на бетонот во агресивни средини;
- Заштита на арматурата во агресивни средини ;
- Заштита на бетонот од продори и карбонизација;
- Водонепропусен;
- Пропустлив на водена пареа;
- Одлична атхезија на сув и влажен бетон;
- Ја подобрува атхезионата врска помеѓу стар и нов бетон или репаратурен малтер;
- Можност за брза апликација на завршни премази;
- Достапен во сива и бела боја
- За подобрување на декоративниот изглед на завршната обработка.

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | | |
| А компонента | | бела течност |
| Б компонента | | светло-жолта течност |
| Ц компонента | | прашкаста цементна смеса |
| Однос на мешање | | А:Б:Ц = 1:1,5:7 |
| Густина | EN 12190 | 1,8-1,9 g/cm$^3$ |
| Време на обработливост (pot-life) на температура од 20-25C | EN ISO 9514 | 30-40min |
| Пропустливост на $CO_2$ | EN 1062-6 | $S_D$>50m |
| Пропустливост на водена пареа | ISO 7783 | Класа II 5m≤$S_D$≤50m |
| Капиларна апорпција и пропустливост на вода | EN 1062-3 | < 0,1kg/m$^2$*h$^{0.5}$ |
| Јакост на атхезија со pull-off тест | EN 1542 | ≥ 2N/mm² |
| Отпорност на абразија | EN ISO 5470-1 | < 3000mg |
| Термичка компатибилност | EN 13687-1 | ≥ 2N/mm² |
| Отпорност на удар | EN ISO 6272-1 | Класа III ≥20Nm |



ADING

АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

www.ading.com.mk

| | | |
|---|---|---|
| Хемиска отпорност | | Глетот ја подобрува хемиската отпорност на бетонот во агресивни средини (спречува продор на јаглеродни и сулфурни гасови). Истиот не е наменет за целосна заштита од силно хемиско влијание (дејство на киселини и бази). |
| Јакост на притисок | EN 12190 | ≥ 45N/mm² |
| Јакост на свиткување | EN 12190 | ≥ 5N/mm² |
| Содржина на хлор јони | EN 1015-17 | ≤ 0.05% |
| Модул на еластичност | EN 13412 | ≥ 15 GPa |
| Ограничено собирање / ширење | 12617-4 | ≥ 2N/mm² |
| Капиларна апсорпција | EN 13057 | ≤ $0.5kg/m^2*h^{0.5}$ |

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕДБА:

**ПОГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА**

Бетонската подлога која се санира треба да биде чиста, обезмастена и обеспрашена, со отстранети лабилни делови. Цементно млеко и дамки од боја или масло треба да се отстранат со механички, односно хемиски средства. Амбиенталната температура како и температурата на подлогата треба да биде од 10-30˚C. При санација на стари оштетени армирано бетонски елементи, видливата арматура и анкери треба да се исчистат од корозија, остатоци на боја и масло (со челична четка или пескарење). Со цел да се постигне подобра атхезија, кај порозни подлоги, препорачливо е пред глетувањето на подлогата да се нанесе Адингпокс аква прајмер.

Прајмерирање и глетувањето е препорачливо да се изведат по 7 дена од вградувањето на бетонот со цел да се избегне појава на пукнатини како последица на почетното собирање на бетонот. Во случај на апликација на Адингпокс Аква без претходна употреба на прајмер се препорачува бетонската подлога да биде навлажнета со вода за да се спречи брзо сушење на малтерот и појава на дефекти.

**ВГРАДУВАЊЕ**

Пред вградување е потребно компонентите А и Б посебно да се промешаат. Потоа Б компонентата постепено се додава во садот со А компонента и се меша со бавен електричен мешач (300 до 500 вртежи/min) до потполна хомогенизација. На хомогенизираната смеса постепено се додава Ц компонентата и се продолжува со мешање до целосно хомогенизирање на материјалот.

Нанесувањето на смесата се врши рачно со шпахтла, мистрија и метална глетарка или машински со распрскување во слоеви од 1mm до 3mm дебелина. При машинска апликација со airless пумпа, со цел да се зголеми обработливоста на материјалот, на смеса А+Б+Ц може да се додадат од 3% до 4% вода при континуирано мешање до воедначување на смесата, без грутки.

**УСЛОВИ И ОГРАНИЧУВАЊА ПРИ АПЛИКАЦИЈАТА**

Адингпокс Аква се нанесува на подлоги прајмерирани со Адингпокс аква прајмер или директно на бетонски подлоги, навлажнети со вода непосредно пред апликацијата. Температурата на подлогата и амбиенталната температура во текот на апликацијата и 24 часа по апликацијата, треба да бидат во границите од +10°C до 30°C, а релативната влажност на воздухот помала од 70%. Во тој период, аплицираниот материјал треба да биде заштитен од директна изложеност на сонце и ветер. Количината на материјалот што се меша треба да биде во согласност со отвореното време за работа (40 min при температура до 25°C). Производот не треба да се аплицира во услови на висока релативна влажност на воздухот (над 70%), во спротивно може да дојде до одложено врзување на материјалот и бавен развој на јакоста. При нанесување во затворени простории, потребно е да се обезбеди добра вентилација за да се отстрани вишокот на влага од просторијата. Во случај на машинска апликација и разредување на системот Адингпокс аква доколку се користи количина на вода поголема од препорачаната, истата може да предизвика сегрегација, пролизгување на материјалот од вертикалните површини, како и појава на пукнатини.





АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

www.ading.com.mk

## ПОТРОШУВАЧКА

Адингпокс аква, за еден слој (А+Б+Ц): 1,5-2,0 kg/m²

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со вода веднаш по употребата.

## ПАКУВАЊЕ

Во сетови А+Б+Ц: 28,5kg
А компонента: 3kg
Б компонента: 4,5kg
Ц компонента: 21kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 10-30°C, заштитен од директно сонце. Рок на употреба: 9 месеци.

## ОЗНАКА ЗА СЕРТИФИЦИРАН ПРОИЗВОД

**CE**

**2032**

**АДИНГ АД Скопје**

**Новоселски пат (улица 1409) бр.11, 1060**

**Скопје, Северна Македонија**

**17**

**GDFF001/5**

**EN 1504-2:2004**

**АДИНГПОКС АКВА**

**Епокси-цементен премаз за површинска заштита на бетон**

| | |
|---|---|
| Адхезивна јакост со pull-off тест | ≥ 2,0 MPa |
| Капиларна апсорбција: | $w \leq 0{,}1\ kg/m^2 * h^{0,5}$ |
| Пропустливост на водена пареа: | Класа II $5m \leq S_D \leq 50m$ |
| Пропустливост на $CO_2$: | $S_D > 50m$ |
| Отпорност на абразија: | <3000 mg |
| Отпорност на удар: | Класа III ≥ 20 Nm без појава на пукнатини и деламинација |
| Термичка компатибилност Дел 1 : Мрзнење/одмрзнување со соли за одмрзнување | Јакост на врската по 50 циклуси мрзнење – одмрзнување ≥2,0 N/mm² |

**CE**

**2032**

**АДИНГ АД Скопје**

**Новоселски пат (улица 1409) бр.11, 1060**

**Скопје, Северна Македонија**

**17**

**GDFF001/5**

**EN 1504-3:2004**

**АДИНГПОКС АКВА**

**Производ за репарација на бетон-малтер на база на епоксиден полимер (PC)**

| | |
|---|---|
| Јакост на притисок: | ≥ 45 N/mm² |
| Содржина на хлор јони : | ≤ 0,05% |
| Ограничено собирање/ширење : | Јакост на врската по собирање и ширење ≥ 2 N/mm² |
| Модул на еластичност: | ≥ 15 GPa |
| Капиларна апсорбција: | $\leq 0{,}5\ kg/m^2 * h^{0,5}$ |
| Опасни супстанци: | неопределено |

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата или очите, како и директно вдишување при мешање на компонентите. При ненадеен контакт, производот треба веднаш да се отстрани со сува крпа или со чиста вода, а потоа местото добро да се измие со сапун и вода. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со чиста вода и да се побара медицинска помош. Потребно е да се обезбеди проветрување на просториите каде што се работи со смоли.
Пожар: Производот не е запалив.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Адингпокс аква се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на соодветна опрема.



АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk